# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 10 | Год. LX | Недела, 7 март 2004 | Цена на овој број е 300 денари

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 194. | **Одлука** за утврдување на настапување на условите за престанок на функцијата на Г-дин Борис Трајковски, Претседател на Република Македонија................. | 1 |
| 195. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита.. | 2 |
| 196. | **Одлука** за условите и критериумите за давање повластен тарифен третман при увоз на добиточен јачмен и трици од пченка и од пченица........................ | 16 |
| 197. | **Програма** за проширена репродукција на шумите за 2004 година................ | 17 |
| 198. | **Упатство** за начинот на постапување на корисниците и единките корисници на средства од Буџетот при трезорското работење.................................................... | 19 |

**194.**

Врз основа на членовите 82 и 110 од Уставот на Република Македонија и членовите 60 и 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/1992), Уставниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на 6 март 2004 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАПУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА НА Г-ДИН БОРИС ТРАЈКОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се утврдува дека поради смрт, на Г-дин Борис Трајковски му престанува функцијата претседател на Република Македонија.

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова - Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

Су. бр. 133/2004
6 март 2004 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
**Лилјана Ингилизова - Ристова,** с.р.

**195.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2004 година.

Бр. 07-961/1
25 февруари 2004 година
Скопје

За претседател
на Република Македонија,
Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 46/93 и 55/95) во членот 9 зборовите: "посебен општествен" се заменуваат со зборот "јавен".

Член 2

Во членот 32 став 1 по точката 3) се додава нова точка 3-а), која гласи:

"3-а) мерки и активности за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената."

Во ставот 2 по точката 3) се додава нова точка 3-а), која гласи:

"3-а) програма за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената."

Член 3

Во членот 91 став 2 зборот "Собранието" се заменува со зборот "Владата ".

Член 4

Во членот 95 по точката 1 се додаваат пет нови точки, кои гласат:

" 2) поликлиника;

3) дијагностичка лабораторија;

4) заботехничка лабораторија;

5) центар за итна медицинска помош;

6) клиничка болница;"

Во точката 9 пред зборовите: "клинички центар" се додава зборот "универзитетски".

Точките "5) Медицински центар " и "12) Природно лекувалиште" се бришат.

Точките 2), 3), 4), 6), 7), 8), 9) и 11) стануваат точки 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13) и 14) .

Член 5

По членот 95-а се додаваат пет нови поднаслови и пет нови члена 95-б, 95-в, 95-г ,95-д и 95-ѓ, кои гласат:

" 2) Поликлиника

Член 95-б

Поликлиниката може да спроведува здравствена заштита ако исполнува услови за вршење на дејност на две или повеќе ординации, односно две или повеќе дејности од примарната здравствена заштита или две или повеќе дејности од специјалистичко-консултативната дејност, освен болничко лекување.

3) Дијагностичка лабораторија

Член 95-в

Дијагностичката лабораторија врши дејност на прибирање лабораториски примероци, обработка и анализа со примена на дијагностичка опрема, апаратура и физичко-дијагностички методи.

4) Заботехничка лабораторија

Член 95-г

Заботехничката лабораторија врши дејност на подготовка и изработка на заботехнички помагала (протези, мостови, коронки).

5) Центар за итна медицинска помош

Член 95-д

Центарот за итна медицинска помош организира и спроведува мерки и презема дејствија за спроведување на краткотрајна здравствена заштита на луѓето во ургентна здравствена состојба (болест, повреди,труење со ризик по здравјето и животот) од местото на настанување на ургентната здравствена состојба со преземање на реанимациони мерки и интензивна нега до местото на стручно надлежната здравствена установа за згрижување и лечење.

Покрај работите од ставот 1 на овој член центарот може да организира вршење и на домашно лекување.

6) Клиничка болница

Член 95-ѓ

Клиничка болница спроведува здравствена заштита ако се исполнети условите за општа болница утврдени со овој закон, како и услови за вршење најмалку на урологија, неурохирургија, ортопедија и трауматологија, очни болести, болести на уво, нос и грло, неонатологија, психијатрија, неврологија и онкологија.

Во клиничката болница се спроведува и стручно усовршување на здравствените работници од обласа на медицината, стоматологијата и фармацијата.

Клиничката болница се основа за подрачје пошироко од подрачјето што го покрива општата болница."

Член 6

Броевите 2), 3), 5), 6), 7), 8), 9),10) и 11) пред поднасловите на членовите 96, 97, 101, 106, 107, 108, 109, 110 и 111 стануваат поднаслови 6) , 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13) и 14).

Член 7

Во членот 98 ставот 2 се менува и гласи:

"Здравствениот дом не мора да врши одделни дејности од став 1 на овој член ако на неговото подрачје тие дејности ги врши друга здравствена установа."

Член 8

Во членот 101 став 2 по зборовите: "медицинска помош" се додаваат зборовите: "палијативна нега" и запирка.

Член 9

Поднасловите пред членовите 105 и 112 и членовите 105 и 112 се бришат.

Член 10

По членот 115 се додава нов член 115-а, кој гласи:

"Член 115-а

Здравствените работници - специјалисти вработени во здравствена установа што вршат специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита со над седум години работно искуство во специјалноста можат да укажуваат здравствени услуги како дополнителна дејност согласно со лиценцата за работа во установа каде што е вработен или во друга здравствена установа која е регистрирана за истата дејност, најмногу осум часа неделно.

Критериумите по однос на исполнување на обврските на работното место на здравствените работници од став 1 на овој член и начинот на вршењето на дополнителната дејност ги пропишува министерот за здравство.

Односите меѓу лицето од став 1 на овој член и здравствената установа во која ќе укажува здравствени услуги како дополнителна дејност се уредуваат со договор."

Член 11

Насловот на Главата IX и членовите 121, 122, 123, 124, 125, 127 и 128 се бришат.

Член 12

Во членот 132 став 2 зборовите: "Собранието на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Министерството за здравство."

Член 13

Насловот на Главата XI "Остварување на посебниот општествен интерес" се менува и гласи:

"Управување и раководење со здравствените установи и остварување на јавниот интерес".

Член 14

Во членовите 133 став 1 точка 1) и 134 став 1 зборовите: "посебен општествен" се заменуваат со зборот "јавен".

Член 15

Во членот 134 ставот 2 се брише.

Член 16

Во членот 135 во ставовите 1, 2, 3 и 4 зборовите: "здравствената организација" се заменуваат со зборовите: "јавната здравствена установа".

Во ставот 2 по зборот "одбор" се додаваат зборовите: "на јавните здравствени установи од специјалистичко консултативната и болничката здравствена заштита".

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

"Управниот одбор на јавните здравствени установи од примарната здравствена заштита го сочинуваат девет члена од кои тројца претставници од редот на стручните и компетентни лица на здравствената установа кои ги избира стручниот орган , четворица претставници на основачот и двајца претставници од локалната самоуправа од кои едниот го именува советот на општината на чие подрачје е седиштето на јавната здравствена установа, а другиот од советот на општината со најголем број жители на подрачјето што го покрива здравствената установа.

По исклучок од ставот 3 на овој член двајцата претставници од локалната самоуправа во јавната здравствена установа што укажува примарна здравствена заштита на подрачјето на Градот Скопје ги именува Советот на Градот Скопје."

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 5 и 6.

Член 17

Во членот 136 зборовите: "Собранието на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Министерството за здравство", а зборовите: "здравствената организација" се заменуваат со зборовите: "јавната здравствена установа".

Член 18

По членот 137 се додава нов член 137-а, кој гласи:

"Член 137-а

Учествувањето во управувањето и одлучувањето во здравствената установа во мешовита сопственост е сразмерно на висината на основачкиот влог.

Раководењето и начинот на управувањето и одлучувањето со здравствената установа од ставот 1 на овој член се уредува со закон и со основачкиот акт."

Член 19

Во членот 138 по зборот "испит" се додава запирка и зборовите:"основна лиценца", а зборовите: "а за определени работи и работни задачи соодветна специјализација и субспецијализација" се бришат.

Член 20

Во членот 139 став 1 зборовите: "VII до IV степен на стручна подготовка, односно лице со" и зборот "насочено" се бришат.

Во ставот 2 зборовите: "$VII_1$ до IV степен на стручна подготвка, односно лице со" и зборот "насочено" се бришат.

Член 21

Членот 140 се менува и гласи:

"Здравствените работници со средно и више образование можат самостојно да укажуваат здравствена заштита по завршувањето на приправничкиот стаж и положувањето на стручниот испит.

Здравствените работници со високо образование од областа на медицината и стоматологијата можат да укажуваат здравствена заштита под надзор на здравствен работник со лиценца за работа по завршувањето на приправничкиот стаж, положувањето на стручниот испит и добивањето на основна лиценца.

Здравствените работници со високо образование од областа на медицината и стоматологијата можат самостојно да укажуваат здравствена заштита по завршувањето на приправничкиот стаж, положувањето на стручниот испит, завршувањето на специјализација, односно субспецијализација и соодветна лиценца за работа.

Здравствените работници со високо образование од областа на фармацијата можат самостојно да вршат фармацевтска дејност по завршувањето на приправничкиот стаж, положувањето на стручниот испит и добивањето на лиценца за работа .

По исклучок од ставот 2 на овој член здравствените работници со високо образование од областа на медицината и стоматологијата со основна лиценца можат самостојно да укажуваат здравствена заштита ако при пополнувањето на определено работно место не се јават здравствени работници со лиценца за работа."

Член 22

Во членот 141 став 2 зборовите: "висока стручна подготовка" се заменуваат со зборовите: "високо образование од областа на медицината и стоматологијата кои завршиле петгодишни студии, односно од областа на фармацијата четиригодишни студии", а по зборот "година" се додаваат зборовите: "за здравствените работници со високо образование од областа на медицината и стоматологијата кои завршиле шестгодишни студии, односно од областа на фармацијата петгодишни студии трае шест месеца,".

Член 23

Во членот 142 став 1 зборот "работа" се заменува со зборот "обука".

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

"Здравствените работници под чиј надзор се спроведува приправничкиот стаж на здравствените работници со високо образование и здравствените установи во кои се спроведува стажот ги определува Министерството за здравство по предлог на Лекарската комора на Република Македонија, Стоматолошката комора на Република Македонија, односно Фармацевтската комора на Република Македонија (во натамошниот текст: Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора).

Поблиските критериуми што треба да ги исполнуваат лицата и здравствените установи од ставот 2 на овој член ги утврдува Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора со акт на кој министерот за здравство дава согласност."

Член 24

Во членот 143 ставот 2 се менува и гласи:

"Здравствените работници со средно и више образование стручниот испит го полагаат пред испитни комисии кои министерот за здравство ги образува во јавните здравствени установи. "

Ставот 3 се менува и гласи:

" Здравствените работници со високо образование стручниот испит го полагаат пред испитни комисии кои ги образува Лекарската, Стоматолошката односно Фармацевтската комора од редот на лицата определени согласно со членот 142 став 2 на овој закон."

По став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Положениот стручен испит од ставот 3 на овој член за здравствените работници со високо образование од областа на медицината и стоматологијата е услов за добивање на основна лиценца."

Член 25

Во членот 144 по зборот "стаж" се додаваат зборовите:"на здравствените работници со средно и више образование".

По ставот 1 се додаваат три нови става 2,3 и 4, кои гласат:

"Планот и програмата за приправничкиот стаж на здравствените работници со високо образование и образецот и начинот на водење на приправничката книшка ги пропишува министерот за здравство по претходно мислење од соодветната високообразовна организација.

Составот на испитната комисија, начинот на полагање на испитот, начинот на проверката на стекнатите знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит и основната лиценца ги утврдува Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.

Коморите од ставот 4 на овој член, секоја година го преоценуваат спроведувањето на приправничкиот стаж и до Министерството за здравство доставуваат извештај со предлог за подобрување на програмата за приправнички стаж."

Член 26

Во членот 145 став 2 по зборот "член" се додаваат зборовите: "здравствени работници со средно и више образование", а по зборот "здравство" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "а на здравствените работници со високо образование решава Лекарската, Стоматолошката односно Фармацевтската комора".

Член 27

Во членот 146 став 1 зборовите: "висока стручна подготовка" се заменуваат со зборовите: "високо образование".

Член 28

Во членот 148 по ставот 1 се додаваат четири нови става 2, 3, 4 и 5, кои гласат:

"Високообразовните организации од ставот 1 на овој член можат да определат надоместок само за спроведување на теоретската настава и за полагање на специјалистичкиот, односно субспецијалистичкиот испит со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.

За спроведување на практичниот дел од специјализацијата, односно субспецијализацијата не може да се определува надоместок, освен за здравствените работници и здравствените соработници кои се запишале на специјализација и субспецијализација на сопствено барање.

Поблиските услови од ставот 1 на овој член и траењето на деловите од специјализацијата (турнусите) ги пропишува министерот за здравство по претходно мислење на соодветната високообразовна институција.

Министерот за здравство, врз основа на условите од ставот 4 на овој член, ги определува здравствените установи во кои се спроведува специјализацијата и субспецијализацијата на здравствените работници и на здравствените соработници."

Ставот 2 се брише.

Член 29

Во членот 149 став 1 по зборот "работници" се додаваат зборовите: "со високо образование од областа на фармацијата".

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Здравствените работници со високо образование од областа на медицината и стоматологијата можат да специјализираат ако имаат завршен приправнички стаж, положен стручен испит и основна лиценца."

Член 30

По членот 153 се додаваат 14 нови члена 153-а, 153-б, 153-в, 153-г, 153-д, 153-ѓ, 153-е, 153-ж, 153-з, 153-ѕ, 153-и, 153-ј, 153-к и 153-л, кои гласат:

"Член 153 - а

Здравствен работник со високо образование од областа на медицината и стоматологијата може да се стекне со основна лиценца ако има:

1) диплома за завршено соодветно високо образование;

2) доказ за завршен приправнички стаж и

3) доказ за положен стручен испит.

Здравствен работник со завршено соодветно високо образование од областа на медицината или стоматологијата или со поминат приправнички стаж и положен стручен испит во странство може да се стекне со основна лиценца ако има:

1) нострифицирана диплома за завршено соодветно високо образование и

2) доказ за признаен приправнички стаж и положен стручен испит.

Член 153-б

Здравствен работник со високо образование од областа на медицината или стоматологијата може да се стекне со лиценца за работа ако, покрај условите од членот 153-а став 1 на овој закон, има и:

1) основна лиценца и

2) соодветна специјализација или соодветна субспецијализација.

Здравствен работник со високо образование од областа на медицината или стоматологијата кој се стекнал со лиценца за работа во странство може да се стекне со лиценца за работа ако, покрај условите од членот 153-а став 2 на овој закон, има и :

1) доказ за признаена соодветна специјализација или субспецијализација;

2) препорака од комората во која членувал и

3) доказ за претходно работно искуство во дејноста за која бара лиценца за работа.

Лиценцата за работа се издава за време од седум години и може да се обнови согласно со условите од членот 153-е на овој закон.

Член 153-в

Здравствен работник со високо образование од областа на фармацијата може да се стекне со лиценца за работа ако има:

1) диплома за завршено соодветно високо образование;

2) доказ за завршен приправнички стаж и

3) доказ за положен стручен испит, а за определени работи и соодветна специјализација или субспецијализација.

Член 153-г

Здравствен работник со високо образование од областа на фармацијата кој се стекнал со лиценца за работа во странство може да се стекне со лиценца за работа ако има:

1) нострифицирана диплома за завршено соодветно високо образование и

2) доказ за признаен приправнички стаж и положен стручен испит, а за определени работи и доказ за признаена соодветна специјализација или субспецијализација.

Член 153-д

Здравствен работник од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата - странски државјанин може да се стекне со соодветна лиценца, ако покрај општите услови пропишани со прописите за движење, престој и вработување на странци, ги исполни и условите пропишани со овој закон за македонските државјани кои образованието го завршиле во странство или се стекнале со лиценца за работа во странство и ако завршил дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности согласно со програмата од членот 153-ѓ на овој закон.

Член 153-ѓ

Програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности, составот на испитната комисија и начинот на спроведувањето на проверката ги утврдува Лекарската, Стоматолошката односно Фармацевтската комора со акт на кој министерот за здравство дава согласност.

Проверката од ставот 1 на овој член ја вршат Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора.

Член 153-е

На здравствен работник со високо образование може да му се обнови лиценцата за работа ако во периодот на важноста на лиценцата со континуирано стручно усовршување преку следење на новините во медицината, стоматологијата или фармацијата и унапредување на сопственото знаење се стекнал со соодветен број бодови и најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата за работа работел во дејноста за која има лиценца за работа.

По исклучок од ставот 1 на овој член на здравствен работник со високо образование избран или именуван на јавна функција времето поминато во вршење на функцијата не се засметува во времето на важноста на лиценцата за работа утврдено со членот 153-б став 3 на овој закон.

Облиците на стручното усовршување, критериумите за распоредување на облиците и бодовите од ставот 1 на овој член за обновување на лиценцата за работа ги утврдува Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора со акт на кој министерот за здравство дава согласност.

Член 153-ж

На здравствен работник со високо образование кој не ги исполнил условите од членот 153-е на овој закон може времено да му се продолжи лиценцата за работа за наредните шест месеца, под услов во овој период да ги исполни условите од членот 153-е на овој закон.

На здравствен работник со високо образование кој не ги исполнил условите од членот 153-е на овој закон во рокот утврден во ставот 1 на овој член времено му се одзема лиценцата за работа.

Член 153-з

Здравствен работник со високо образование на кој му е времено одземена лиценцата за работа може повторно да се стекне со лиценца за работа ако во текот на годината што следи по истекот на роковите на важност утврдени со овој закон помине дополнителна обука согласно со програмата од членот 153-ѓ на овој закон и успешно ја заврши дополнителната проверка на стручните знаења и способности пред испитна комисија на соодветната комора.

Член 153-ѕ

Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора може времено или трајно да ја одземе лиценцата за работа на здравствен работник со високо образование .

Времено одземање на лиценцата за работа може да се изврши најмногу за период од седум години, ако здравствениот работник со високо образование :

1) не ја продолжи лиценцата за работа во роковите утврдени со овој закон;

2) не ја заврши дополнителната обука во утврдениот рок ;

3) со успех не ја заврши дополнителната проверка на стручните знаења и способности;

4) со судско правосилно решение привремено му е забрането вршење на дејност или професија;

5) по доделувањето на лиценцата за работа се утврди дека доказите за исполнување на условите пропишани со овој закон ги прибавило спротивно на закон;

6) работи надвор од лиценцата за работа што ја поседува или работи во услови за кои нема одобрение за работа издадено согласно со овој закон и

7) ако Судот на честа при соодветната комора утврди дека сторил повреда на Кодексот на медицинската етика.

Во решението за времено одземање на лиценцата за работа треба да се определи дополнителната обука која здравствениот работник со високо образование треба да ја изврши за да може повторно да му се издаде лиценца за работа.

Трајно одземање на лиценцата за работа се врши ако со правосилна судска одлука се утврди дека здравствениот работник со високо образование сторил стручен пропуст или грешка при работата со што предизвикал трајно нарушување на здравјето или смрт на болниот.

Член 153-и

Против решението за времено и трајно одземање на лиценца за работа, здравствениот работник со високо образование има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот за здравство.

Член 153-ј

Здравствен работник со високо образование од членот 153-ж став 2 на овој закон може повторно да се стекне со лиценца за работа ако во текот на две години по истекот на роковите на важност утврдени со овој закон помине дополнителна обука и успешно ја заврши дополнителната проверка на стручните знаења и способности согласно со програмата од членот 153-ѓ на овој закон пред испитна комисија на соодветната комора.

Ако здравствен работник со високо образование не се стекне со лиценца за работа во рокот од ставот 1 на овој член може повторно да се стекне со лиценца за работа ако помине дополнителна обука и успешно ја заврши дополнителната посебна проверка на стручните знаења и способности согласно со програмата од членот 153-ѓ на овој закон пред испитна комисија на соодветната комора.

Член 153-к

Начинот на издавањето на основната лиценца, како и начинот на издавањето, продолжувањето, обновувањето и одземањето на лиценцата за работа и формата и содржината на обрасците на лиценците за здравствен работник со високо образование од областа на медицината и стоматологијата поблиску ги утврдува Лекарската, односно Стоматолошката комора со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.

Начинот на издавањето, продолжувањето, обновувањето и одземањето на лиценцата за работа и формата и содржината на обрасците на лиценцата за работа на здравствен работник со високо образование од областа на фармацијата поблиску ги утврдува Фармацевтската комора со акт на кој министерот за здравство дава согласност.

Член 153-л

Висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците ја утврдуваат Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора, секоја година, со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.

Трошоците од ставот 1 на овој член паѓаат на товар на подносителот на барањето."

Член 31

Во членот 155 став 2 по зборот "лице" се додаваат зборовите: " и се запишуваат во регистарот кај надлежниот суд".

По ставот 2 се додаваат три нови става 3,4 и 5, кои гласат:

"Лекарската и Стоматолошката комора издаваат, обновуваат, продолжуваат и одземаат основна лиценца или лиценца за работа и водат регистар на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци.

Фармацевтската комора издава, продолжува, обновува и одзема лиценца за работа и води регистар на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци.

Формата и содржината на регистрите од ставовите 3 и 4 на овој член и начинот на нивното водење ги пропишуваат коморите од ставот 1 на овој член со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност."

Во ставот 5 кој станува став 8 зборовите: "и за начинот и постапката за издавање, односно одземање на лиценца за работа" се заменуваат со зборовите: "и акти за кои се овластени со закон".

По ставот 8 се додава нов став 9, кој гласи:

" Коморите од ставот 1 на овој член должни се два пати годишно да доставуваат извештај за работите што се однесуваат на издавањето, продолжувањето, обновувањето и одземањето на лиценците до Министерството за здравство."

Член 32

Во член 156 се додава нов став 2, кој гласи:

"Македонското лекарско друштво преку стручните здруженија и други здруженија организираат различни форми на стручно усовршување на здравствените работници, изработуваат стручни упатства за работа по одделни специјалности и предлагаат мерки за унапредување на стручната работа на здравствените работници."

Член 33

Во називот на Главата XIII зборот "организации" се заменува со зборовите: "установи и коморите".

Член 34

Во членот 157 зборот "организации" се заменува со зборовите: "установи и коморите во вршењето на јавното овластување".

Член 35

Во членот 158 став 1 зборот "организација" се заменува со зборовите: "установа или коморите".

Член 36

По членот 158 се додаваат два нови члена 158-а и 158-б, кои гласат:

"Член 158-а

По вршењето на надзорот од членот 157 на овој закон Министерството за здравство ја известува комората во која е вршен надзорот за констатираните недостатоци и неправилности и определува рок за нивно отстранување.

Ако комората во која е извршен надзорот не ги отстрани недостатоците во определениот рок Министерството за здравство ќе ги преземе мерките за нивно отстранување.

Член 158-б

Министерството за здравство може да го одземе овластувањето за издавање, обновување, продолжување и одземање на лиценци на Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора и да ги преземе тие работи ако при вршењето на надзорот утврди:

1) злоупотреба во вршењето на јавното овластување;

2) неефикасно извршување на јавното овластување и

3) вршење на овластувањето во спротивност со овој закон и прописите донесени врз основа на него.

Против решението на министерот за здравство од ставот 1 на овој член Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора има право на жалба до второстепената комисија на Владата на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на приемот на решението."

Член 37

Во членот 182 став 1 зборовите: "четири до 15 плати од просечната плата во Републиката исплатена во последниот месец (во натамошниот текст: плати)" се заменуваат со зборовите: "50.000 до 150.000 денари".

По точката 12) се додава нова точка 12-а), која гласи:

"12-а) на здравствен работник со високо образование му овозможи вршење на дополнителна дејност надвор од рамките на дејноста за која е регистрирана здравствената установа или надвор од лиценцата за работа што ја има лицето (член 115-а);".

Во ставот 2 зборовите: "една петтина до три плати" се заменуваат со зборовите: "5.000 до 30.000 денари".

Во ставот 3 зборовите: "една десетина до една половина од платата" се заменуваат со зборовите: "2.000 до 10.000 денари".

Член 38

Во членот 183 став 1 зборовите: "четири до 15 плати" се заменуваат со зборовите: "50.000 до 150.000 денари", а во точката 3) по зборот "работа" се додаваат зборовите: "или врши здравствена дејност".

Во ставот 2 зборовите: "една петтина до три плати" се заменуваат со зборовите: "5.000 до 30.000 денари".

Во ставот 3 зборовите: "една десетина до една половина од платата" се заменуваат со зборовите: "2.000 до 10.000 денари".

Член 39

Во членот 186 зборовите: "една до три плати" се заменуваат со зборовите: "2.000 до 10.000 денари".

Член 40

Членовите 187 и 188 се бришат.

Член 41

Во членот 190 зборовите: "една до две ипол плати" се заменуваат со зборовите: "2.000 до 10.000 денари".

По точката 1) се додава нова точка 2), која гласи:

"2) укажува здравствени услуги како дополнителна дејност надвор од лиценцата за работа (член 115 - а);".

Во точката 2) која станува точка 3) зборовите: "положен стручен испит" се заменуваат со зборовите: " лиценца за работа".

Член 42

Во членот 191 зборовите: "една до две ипол плати" се заменуваат со зборовите: "2.000 до 10.000 денари".

Член 43

Во членот 192 став 1 зборовите: "една плата" се заменуваат со зборовите: "3.000 денари".

Член 44

По членот 200 се додаваат 29 нови члена 200-а, 200-б, 200-в, 200-г, 200-д, 200-ѓ, 200-е, 200-ж, 200-з, 200-ѕ, 200-и, 200-ј, 200-к, 200-л, 200-љ, 200-м, 200-н, 200-њ, 200-о, 200-п, 200-р, 200-с, 200-т, 200-ќ, 200-у, 200-ф, 200-х, 200-ц и 200-ч, кои гласат:

"Член 200-а

Постојните јавни здравствени организации основани за вршење на фармацевтска дејност во целина или нивни делови, како и делови од постојните здравствени домови и медицински центри во кои се врши фармацевтска дејност ( во натамошниот текст: јавни аптеки) можат да се приватизираат и да се организираат, односно да се основаат како приватни здравствени установи за вршење на фармацевтска дејност (во натамошниот текст: приватни аптеки), врз основа на одлука што Владата на Република Македонија ќе ја донесе по предлог на министерот за здравство.

Приватизацијата на јавните аптеки може да се врши во делови под услов истите да ги исполнуваат условите за вршење на фармацевтска дејност, пропишани со овој закон и со друг закон.

Ако приватизацијата на јавните аптеки се врши во делови, деловите во кои се вршат административно-правни, финансиски, технички и помошни работи можат да се приватизираат и да се организираат, односно да се основаат како трговски друштва согласно со одредбите на овој закон и Законот за трговските друштва.

Член 200-б

Предмет на приватизација е вкупно проценетата вредност на јавната аптека.

Трошоците за проценета и за другите дејствија во постапката за приватизација паѓаат на товар на купувачите.

Член 200-в

Јавната аптека се приватизира на начин што од вкупно проценетата вредност:

- 5% се отстапува бесплатно на вработените;

- 20% се откупуваат под повластени услови од вработените и

- 75% се продаваат на јавна берзанска аукција.

Член 200-г

Делот од уделот во висина од 5% од вкупно проценетата вредност на јавната аптека се отстапува бесплатно на вработените кои тој статус го имале на денот на влегувањето во сила на одлуката од членот 200-а став 1 на овој закон.

Член 200-д

Делот од уделот во висина од 20% од вкупно проценетата вредност на јавната аптека може да се откупи под повластени услови со основен попуст од 30% од номиналната проценета вредност на уделот, зголемен за 1% за секоја полна година на работен стаж во јавната аптека, од страна на:

- вработените во јавната аптека што се приватизира ако работеле најмалку две години пред денот на влегувањето во сила на одлуката од членот 200-а став 1 на овој закон;

- лицата чиј работен однос престанал во јавната аптека што се приватизира и кои во неа непрекинато работеле најмалку две години и

- пензионираните работници кои во јавната аптека што се приватизира непрекинато работеле најмалку две години.

Износот на купениот удел со попуст од ставот 1 на овој член, поединечно, не може да надмине 30% од уделот што се продава со попуст, но не повеќе од 12.500 евра.

Член 200-ѓ

Преостанатиот дел од уделот во висина од 75% од вкупно проценетата вредност на јавната аптека, како и делот од уделот кој нема да биде откупен под повластени услови, се продава по пат на јавна берзанска аукција со почетна продажна цена на уделот која не може да биде пониска од неговата номинална вредност .

Член- 200-е

Приватизацијата на јавната аптека се смета за реализирана ако биде целосно откупен уделот од членот 200- ѓ на овој закон.

Ако уделот не биде продаден по пат на јавна берзанска аукција во рок од 60 дена од денот на неговата прва понуда јавната аптека може да се издаде под закуп согласно со одредбите на овој закон.

Член 200-ж

Плаќањето на уделите од членот 200-в алинеи 2 и 3 на овој закон се врши во готово со денари или со хартии од вредност издадени од Република Македонија.

Член 200-з

Процедурите за тргување со уделите издадени од јавната аптека што се приватизира ги определува Македонската берза за долгорочни хартии од вредност .

Член 200-ѕ

Имателите на уделите од членовите 200-г, 200-д и 200-ѓ на овој закон кои го откупиле уделот на јавната аптека склучуваат договор за основање на приватна аптека со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски, како и договор со Министерството за здравство со кој особено го уредуваат начинот на вршењето на дејноста и обврската за континуирано вршење на дејноста.

Основањето на приватната аптека се запишува во судскиот регистар, при што особено се приложува решението од членот 93 став 1 на овој закон и договорите од ставот 1 на овој член.

Член 200-и

Приватната аптека е должна да ги преземе вработените кои тој статус го имале на денот на влегувањето во сила на одлуката од членот 200-а став 1 на овој закон.

На вработените од ставот 1 на овој член не може да им престане работниот однос врз основа на технолошки вишок во рок од една година од денот на уписот на приватната аптека во судскиот регистар.

Член 200-ј

Средствата остварени со приватизацијата на јавните аптеки се приход на Буџетот на Република Македонија.

Член 200-к

Објектите и опремата на постојните јавни здравствени организации и просторот и опремата на нивните делови во кои се врши фармацевтска дејност што не се

приватизирале според овој закон, како и просторот и опремата на деловите на јавните здравствени организации во кои се врши примарна стоматолошка дејност можат да се издаваат под закуп, под услов да се основа приватна здравствена установа за вршење на соодветната дејност согласно со овој закон.

За вршење на дејноста од ставот 1 на овој член во јавните здравствени установи под закуп се издаваат просторот и опремата на деловите кои претставуваат организациона просторна, техничка и функционална целина, во кои се врши фармацевтска, односно стоматолошка дејност (во натамошниот текст: организациона единица).

Под закуп не можат да издаваат организациони единици во јавните здравствени установи што вршат стоматолошка здравствена заштита на деца до 14 годишна возраст и итна стоматолошка здравствена заштита.

Член 200-л

Организациона единица се издава под закуп на еден или повеќе здравствени работници со високо образование од областа на фармацијата односно стоматологијата кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон (во натамошниот текст: закупец).

При издавањето под закуп приоритет имаат здравствените работници од ставот 1 на овој член кои се распоредени на работни места во таа организациона единица најмалку шест месеца пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 200-љ

Ако здравствените работници од членот 200-л на овој закон не се јават на конкурсот или не склучат договор за закуп, организационата единица на повторно распишан конкурс може да се даде под закуп на друг здравствен работник со високо образование од областа на фармацијата, односно стоматологијата кој е вработен во јавна здравствена установа и ги исполнува условите пропишани со овој закон.

Ако и на повторно распишаниот конкурс не се јават или не склучат договор здравствените работници од ставот 1 на овој член, организационата единица на распишан конкурс може да се даде под закуп на друг здравствен работник со високо образование од областа на фармацијата, односно стоматологијата кој ги исполнува условите пропишани со овој закон.

Член 200-м

Закупецот е должен да ги преземе здравствените работници кои, пред денот на влегувањето во сила на овој закон, биле распоредени на работно место во организационата единица што ја зема под закуп.

Ако во организационата единица што се зема под закуп нема распореден здравствен работник со средно образование од областа на фармацијата, односно стоматологијата или нивниот број е недоволен, закупецот е должен да преземе најмалку еден здравствен работник вработен во јавната здравствена организација со средно образование на секој здравствен работник кој врши фармацевтска, односно стоматолошка дејност со високо образование.

На лицата кои се преземени согласно со ставовите 1 и 2 на овој член не може да им престане работниот однос врз основа на технолошки вишок во наредните пет години од денот на преземањето.

Член 200-н

Закупецот не може да ја промени дејноста која се вршела во организационата единица што се зема под закуп, ниту да ја издава во подзакуп .

Закупецот е должен да обезбеди континуирана здравствена заштита самостојно или во договор склучен со други здравствени установи.

Член 200-њ

Под закуп може да се издава деловен простор од постојните здравствени установи на вработените кои вршат правни, финансиски, административно-технички, сметководствени и други помошни работи за потребите на фармацевтската, односно стоматолошката дејност заради самостојно вршење на тие работи.

При издавањето под закуп на деловниот простор од ставот 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите од членот 200-л став 2, членот 200-љ и членот 200-м на овој закон.

Член 200-о

На закупецот и на другите работници кои закупецот со договорот за закуп ги презел им престанува работниот однос во јавната здравствена организација од денот определен во договорот за закуп.

Член 200-п

Организационите единици од членот 200-к став 2 и деловниот простор од членот 200-њ став 1 на овој закон се издаваат под закуп врз основа на програма што ја донесува министерот за здравство на предлог на јавните здравствени установи.

Член 200-р

Врз основа на програмата од членот 200-п на овој закон јавната здравствена установа распишува конкурс за издавање под закуп на организациони единици што вршат фармацевтска, односно стоматолошка дејност и деловниот простор од членот 200-њ став 1 на овој закон.

Врз основа на спроведениот конкурс министерот за здравство донесува решение за издавање под закуп.

Против решението од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба до второстепена комисија на Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Член 200-с

По конечноста на решението од членот 200-р на овој закон закупецот и Министерството за здравство склучуваат договор со кој поблиску се уредуваат меѓусебните права и обврски.

Закупецот е должен во рокот определен со договорот од ставот 1 на овој член да основа приватна здравствена установа од членот 200-к став 1 на овој закон односно трговско друштво за вршење соодветни работи од членот 200-њ на овој закон.

Член 200-т

Закупецот е должен да плаќа закупнина на посебна сметка на Министерството за здравство со намена за развој и инвестиционо одржување на објектите и опремата.

Член 200-ќ

При утврдувањето на висината на закупнината ќе се има предвид локацијата, големината и староста на објектот и опремата кои се издаваат под закуп.

Министерот за здравство поблиску го пропишува начинот на издавањето под закуп и поблиските критериуми за утврдување на висината на закупнината од ставот 1 на овој член.

Член 200-у

Приватните аптеки и закупците средствата за својата работа ги остваруваат согласно со прописите за здравствено осигурување.

За лицата опфатени со задолжително здравствено осигурување приватните аптеки и закупците за својата работа остваруваат средства врз основа на договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 200-ф

Постојните јавни здравствени организации (здравствени станици, здравствени домови и медицински центри) должни се во рок од шест месеца од денот на

влегувањето во сила на овој закон да извршат поделба на просторот, опремата и кадарот меѓу примарната здравствена заштита и фармацевтската, односно стоматолошката дејност од специјалистичко консултативната и болничката здравствена заштита, како и на деловниот простор за вршење на работите од членот 200-њ на овој закон и да предложат кои организациони единици, односно деловен простор можат да се издаваат под закуп.

Член 200-х

Во рок од три месеца по спроведувањето на програмата од членот 200-п на овој закон, организациите од членот 200-ф на овој закон се должни да ја усогласат својата организација, работење и општите акти и да се пререгистрираат кај надлежниот суд зависно од условите што ги исполнуваат согласно со решението на министерот за здравство.

Член 200-ц

Постојните јавни здравствени организации - природни лекувалишта ќе се трансформираат согласно со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, освен делот во кој се врши медицинска рехабилитација.

По исклучок од ставот 1 на овој член постојните јавни здравствени организации - природни лекувалишта можат да се трансформираат во целост под услов идното трансформирано друштво да обезбеди вршење на медицинската рехабилитација согласно со условите пропишани со овој закон и со договор склучен меѓу Министерството за здравство и друштвото.

Здравствените организации од ставот 1 на овој член должни се во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон да извршат внатрешна поделба на просторот, опремата и кадарот меѓу медицинската рехабилитација од угостителската дејност.

Организационите единици кои вршат медицинска рехабилитација се издаваат под закуп на еден или повеќе здравствени работници со високо образование од областа на медицината под услови и на начин пропишани со овој закон за издавање под закуп на организациони единици кои вршат фармацевтска, односно стоматолошка дејност.

Член 200-ч

Постојните медицински центри ќе се пререгистрираат кај надлежниот суд како здравствен дом, односно болница, зависно од условите што ги исполнуваат согласно со решение на министерот за здравство."

Член 45

Здравствените работници со високо образование кои на денот на влегувањето во сила на овој закон имаат положено стручен испит се смета дека имаат лиценца за работа и рокот на важноста на лиценците за работа започнува да тече од тој ден.

Здравствените работници од ставот 1 на овој член должни се да поднесат барање за обновување на лиценците за работа шест месеца пред истекот на рокот на важноста на лиценцата до соодветната комора.

Член 46

Во рок од седум години од денот на влегувањето во сила на овој закон примарна здравствена заштита можат да укажуваат самостојно и здравствените работници со високо образование кои се стекнале со основна лиценца согласно со одредбите на овој закон.

Член 47

Постојните здравствени работници кои со личен труд самостојно вршат здравствена дејност ќе се пререгистрираат во приватни здравствени установи согласно со условите утврдени со овој закон, врз основа на решение на Министерството за здравство, во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 48

Низ целиот текст на законот зборовите: "самостојно вршење на дејност со личен труд", "здравствениот работник кој врши дејност со личен труд" се бришат.

Член 49

Низ целиот текст на законот зборовите: "здравствена организација", "здравствената организација", "здравствени организации" и "здравствените организации" се заменуваат со зборовите: "здравствена установа", "здравствената установа", "здравствени установи" и "здравствените установи".

Член 50

Подзаконските прописи чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот 1 на овој член ќе продолжат да се применуваат постојните подзаконски прописи.

Член 51

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**196.**

Врз основа на член 24-а од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/98, 26/98, 63/98, 86/99, 25/00, 109/00, 31/01, 4/02, 55/02 и 42/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.03.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УСЛОВИТЕ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ДАВАЊЕ ПОВЛАСТЕН ТАРИФЕН ТРЕТМАН ПРИ УВОЗ НА ДОБИТОЧЕН ЈАЧМЕН И ТРИЦИ ОД ПЧЕНКА И ОД ПЧЕНИЦА

Член 1

Со оваа одлука се пропишуваат условите и критериумите за повластен тарифен третман при увоз на добиточен јачмен и трици од пченка и од пченица.

Член 2

Повластен тарифен третман без плаќање на царина и посебна давачка се дава при увоз на 6.000 тони добиточен јачмен со тарифен број 1003 00 90 20 и 2500 тони трици и други остатоци добиени со пресејување, мелење или друга обработка на жита, непелетизирани или пелетизирани: од пченка со тарифен број 2302 10 и од пченица со тарифен број 2302 30.

Член 3

Увозот на добиточниот јачмен и трициte од пченка и од пченица по оваа одлука ќе се изврши заклучно со 30.06.2004 година.

Член 4

Распределбата на стоката од членот 1 од оваа одлука при увозот ќе се врши по принципот „прв дојден, прв корисник“ (first come, first served).

Член 5

Барањето за увоз на стоката со повластен тарифен третман во два примерока се поднесува на образец (Прилог) што е составен дел на оваа одлука.

Барањето од став 1 од овој член се пополнува од страна на увозникот или неговиот застапник и се предава во една од следните царински испостави:

- Царинска испостава Скопје;
- Царинска испостава Терминал увоз - Скопје;
- Царинска испостава Железничка станица Трубарево;
- Царинска испостава Куманово;
- Царинска испостава Железничка станица Гевгелија - Отсек за стоково царинење;
- Царинска испостава Струмица;
- Царинска испостава Битола;
- Царинска испостава Штип;
- Царинска испостава Струга.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува за стоки ставени на увид за секоја поединечна царинска декларација и за секоја поединечна тарифна ознака.

Царинската испостава кон која барањето е предадено е должна веднаш да го испрати својот примерок од барањето по факс апарат кај одговорниот царински службеник во Царинската управа.

Ќе се смета дека барањето од став 1 на овој член е прифатено од страна на царинските органи кога од факс апаратот ќе се добие потврда дека факс пораката е правилно испратена.

Член 6

Приемот на барањата од член 5 на оваа одлука во Царинската управа се врши секој работен ден (од понеделник до петок) до 14:00 часот.

Обработувањето на барањата од член 5 на оваа одлука во Царинската управа се врши секој работен ден, а обработката се врши за секој претходен, односно за сите претходни календарски денови поединечно.

Член 7

Царинската управа по обработката на поднесените барања врши распределба на стоката со повластен тарифен третман.

Ако вкупната количина на соодветна стока од барањата по поединечен календарски ден ја надминува преостанатата количина на стока со повластен тарифен третман, распределбата на преостанатите количини на стоки со повластен тарифен третман се врши во сразмерни делови за секое поединечно барање во зависност од количината која што била барана.

Член 8

Распределената стока со повластен тарифен третман Царинската управа ја потврдува на образецот од барањето поднесено во согласност со член 5 од оваа одлука.

Одговорниот царински службеник во Царинската управа е должен најдоцна до 12 часот да ги испрати сите потврди кои што се издадени во текот на работниот ден (за претходниот, односно за претходните календарски денови) по факс апарат во секоја царинска испостава во која стоката треба увозно да се царини.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-617/1
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.



**197.**

Врз основа на член 69, став 1 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/97 и 7/00), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.02.2004 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА 2004 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на Република Македонија за 2004 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/2003) Раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ставка 467 - Изградба, реновирање и унапредување, Потставка 467212 - Пошумување, се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат, извршителите на работите, износот и изворот на средствата како и начинот на користење на средствата за извршени работи во 2004 година.

Средствата за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2004 година ќе се користат за:

- Пошумување на голини и ерозивни земјишта и мелиорација на деградирани шуми и шикари;
- Гаснење на шумски пожари од пошироки размери и отстранување на последиците од нив преку вештачка обнова;
- Нега, превентивна заштита и сузбивање на растителни болести и штетници во шуми и шумски култури подигнати на голини, површини во кои е извршена мелиорација на деградирани шуми и шикари;
- Обезбедување на шумско семе и саден материјал и изградба на патишта заради пошумување на голини;
- Исплата на неизмирени обврски по Програмата за проширена репродукција на шумите за 2003 година.

II

За извршување на активностите од дел I на оваа програма, се утврдуваат средства од следните извори:

| | Во денари |
|---|---|
| 1. Буџетот на Република Македонија | 30.000.000,00 |
| 2. Сопствени приходи од | 50.000.000,00 |
| - ЈП и други | 43.500.000,00 |
| - промет на дрво | 500.000,00 |
| - приватни шуми | 6.000.000,00 |
| Вкупно: | 80.000.000,00 |

III

Средствата од дел II од оваа програма ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа:

1. За пошумување на голините и ерозивните земјишта се утврдуваат средства во износ од 40.000.000,00 денари. Со овие средства ќе се изврши пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна сопственост кое ги опфаќа работите околу механизирана или рачна подготовка на почвата, обезбедување и садење на соодветен шумски саден материјал како и останатите работи кои се потребни за комплетно пошумување на 1.000 ха по 40.000,00 денари за 1 хектар, во износ од 40.000.000,00 денари.

2. За спроведување на нега со прореди на шумските култури подигнати на голини и ерозивни земјишта се утврдуваат средства во износ од 12.000.000,00 денари. Со овие средства ќе се изврши спроведување на одгледните мерки со проредување на шумските култури во државна сопственост подигнати со финансиско учество на државни средства или од субјектите кои стопанисуваат со државните шуми на површина од 1.000 ха по 12.000,00 денари за 1 хектар, во износ од 12.000.000,00 денари.

3. Мелиорација на деградирани шуми и шикари се утврдуваат средства во износ од 8.000.000,00 денари. Со овие средства ќе се изврши мелиорација на непродуктивни деградирани шуми и шикари со примена на најповолни методи со цел деградираните облици на шума да се преведат во високопродуктивни шумски насади.

На определената површина ќе се изврши сеча на стебла и отстранување на дрвната маса, ќе се воведе шумски ред и ќе се изврши вештачко пошумување со саден материјал во предходно подготвена почва со извлекување на кордони или копање на дупки. Мелиорацијата ќе се изврши на површина од 800 ха по 10.000,00 денари за 1 хектар, во вкупен износ од 8.000.000,00 денари.

4. За обезбедување на шумски саден материјал наменет за пошумување се утврдуваат средства во износ од 18.000.000,00 денари.

Со овие средства ќе се обезбедат 1.500.000 броја садници кои ќе се користат за:

- Пошумување на земјиште во приватна сопственост (голини, сечишта, напуштено земјоделско земјиште и друго). За оваа намена ќе се обезбеди и на сопствениците на земјиштето додели шумски саден материјал во износ од 1.420.000 броја, со просечна цена од 12,00 денари за 1 садница, во вкупен износ од 17.040.000,00 денари.

- Спроведување на Еколошката акција во Република Македонија „Младите за здрава животна средина" согласно Одлуката на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2001). За оваа намена ќе се обезбеди и рамномерно распредели по ПЕ на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство 80.000 броја шумски саден материјал, со просечна цена од 12,00 денари за 1 садница, во вкупен износ од 960.000.000,00 денари.

5. За заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти утврдени се средства во износ од 800.000,00 денари.

Со овие средства, на извршителите на работите, ќе се исплатат трошоците за теренските увиди и лабораториските испитувања на главните причинители на оштетувањата на шумите и шумските култури, во износ од 800.000,00 денари. Работите ќе ги изврши Центарот за ИДП службата за шумарство при Шумарскиот факултет - Скопје. Врз основа на деталните сопствени анализи и врз основа на податоците од претпријатијата што стопанисуваат со шумите, Центарот ќе изготви извештај за здравствената состојба на шумите и ќе препорача мерки кои треба да се преземат за да се спречи ширењето, односно сузбивањето на определени штетници.

6. За финансирање на активностите и мерките кои се во директна функција на програмските активности, утврдени се средства во износ од 1.904.400,00 денари, кои ќе се користат за:

- Изработка на стручни материјали - програми, упатства и друг материјал од областа на одгледувањето и заштитата на шумите од особено значење за реализација на оваа програма се утврдуваат средства во износ од 500.000,00 денари;

- Учество на конгреси, советувања, семинари, симпозиуми и други манифестации од областа на шумарството кои се во функција на стручно унапредување и осовременување на програмските активности во износ од 700.000,00 денари и

- Недоволно предвидени работи кои ќе произлезат во текот на годината при реализација на Програмата се утврдуваат средства во износ од 704.400,00 денари.

7. За исплата на неизмирени обврски по Програмата за проширена репродукција на шумите во 2003 година се утврдуваат средства во износ од 95.600,00 денари.

IV

Пошумување на голините и ерозивните земјишта, дел III, точка 1 на оваа програма, ќе се изврши врз основа на оперативни програми за пошумување на голините и ерозивните земјишта изработена од извршителите на работите. Програмите се изработуваат на концизен и јасен начин. Со нив се утврдуваат локациите за пошумување, вкупната површина, начин на обработка на почвата, потребната количина и асортиманот на шумскиот саден материјал, како и другите поединости сврзани со пошумувањето.

Негата на шумските култури од дел III, точка 2 на оваа програма, ќе се врши врз основа на оперативни програми за нега на шумските култури изработена од страна на субјектите што стопанисуваат со шумите во државна сопственост. Програмите мора да бидат усогласени со одредбите на посебните планови за стопанисување со шумите, како и со други документи донесени врз основа на законите од областа на шумарството.

Мелиорација на деградирани шуми и шикари од дел III, точка 3 на оваа програма, ќе се врши врз основа на оперативни програми за мелиорација на нискостеблени деградирани шуми и оперативни програми за мелиорација на деградирани високостеблени шуми. Програмите треба да бидат усогласени со посебните планови за стопанисување со шумите.

Корисниците на средствата на дел III, точка 1, 2 и 3 од оваа програма се правните лица од областа на шумарството, односно Јавното претпријатие „Македонски шуми" и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена.

Средствата за пошумување на голините, негата на шумските култури и мелиорација на деградирани шуми и шикари од дел III, точките 1, 2 и 3 од оваа програма, првенствено ќе ги користат Подружниците на ЈП „Македонски шуми", односно правните лица од областа на шумарството кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена, кои ги имаат извршено работите на одгледувањето на шумите предвидени со посебниот план за стопанисување со шумите во претходна година по обем и квалитет сразмерен на сечивиот етат, но не помалку од 50%.

Корисниците на средствата од дел III, точка 1 на оваа програма кои планираат пошумување на локалитети со површина поголема од 50 ха и кои се во непосредна близина на шумските комплекси, односно ако предвидените површини се надоврзуваат на претходно пошумените површини или на природните шуми, ќе имаат предност во користењето на средствата.

Распоредот на шумските садници наменети за пошумување на замјиште во приватна сопственост, од дел III, точка 4, алинеја 1 (приватно пошумување) и алинеја 2 (Еколошка акција) на оваа програма, го врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Сопствениците на земјиштето кои планираат да извршат пошумување на сопствената површина поднесуваат писмено барање до ПЕ на ова министерство заради одобрување на шумски саден материјал. Кон барањето, лицето е должно да покаже на увид документ за сопственоста (решение за наследство, договор за купопродажба, поседовен лист и друго) или да приложи копие од документот заверен на нотар.

Корисниците на шумски саден материјал, со кој се врши пошумување на приватно земјиште, се сопствениците на тоа земјиште.

Согласно определбите на Одлуката за Еколошката акција, организаторите на акцијата поднесуваат писмено барање до ПЕ на ова министерство за доделување на шумски саден материјал. Кон барањето приложуваат писмена согласност од сопственикот, односно корисникот на државното земјиште дека е согласен преку акцијата да се изврши пошумување на односната површина.

Организаторите на акцијата можат да бидат корисници на шумските садници доколку површината на пошумување е определена согласно Одлуката за еколошката акција, односно доколку определената површина е предложена од страна на правните лица кои стопанисуваат со шумите. Во реализација на акцијата, согласно наведената одлука, учествуваат ученици од основните и средните училишта, студентите, припадниците на АРМ, еколошките друштва и други.

Стручните лица од ЈП „Македонски шуми", од правните субјекти кои стопанисуваат со шумите за посебна намена, како и стручните служби при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се должни на лицата кои пошумуваат сопствено земјиште, во рамките на своите можности, да даваат стручни напатствија и совети околу начинот, видот и сезоната за пошумување.

Исплатата на средствата од дел III, точка 1, 2 и 3 од оваа програма ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водстопанство и корисниците на средствата, односно извршителите на работите.

Исплатата на средствата на дел III, точка 4 од оваа програма ќе се врши врз основа на документацијата за издадени садници по налог на ова министерство, или врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и производителите на шумски саден материјал.

Исплатата на средствата на дел III, точка 5 од оваа програма ќе се врши врз основа на склучен договор помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Шумарскиот факултет - Катедра за заштита на шумите и дрвото - Скопје.

Исплатата на средствата на дел III, точка 6 од оваа програма ќе се врши врз основа на решението од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или врз основа на договор помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителот на работите.

V

Доколку при реализација на оваа програма дојде до зголемување на обемот на мерки и работи во одредени позиции, а други мерки и активности делумно, или воопшто не се реализираат во текот на годината, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе изврши пренамена на средствата од една во друга позиција во рамките на вкупно расположивите средства.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2004 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 23-628/1 | Претседател на Владата |
| 23 февруари 2004 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Бранко Црвенковски,** с.р. |

**198.**

Врз основа на член 4-г став 2 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/93, 3/94, 71/96, 46/00, 11/01, 93/01, 46/02, 24/03 и 85/03), министерот за финансии донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ И ЕДИНКИТЕ КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ ПРИ ТРЕЗОРСКОТО РАБОТЕЊЕ

### I. Општи одредби

1. Со ова упатство се пропишува начинот на постапување на корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија (во натамошниот текст: Буџетот), при трезорското работење: уплати и исплати на сметката на Буџетот и на сметките на корисниците и единките корисници на Буџетот (во натамошниот текст: буџетски корисници) при вршењето на пренос на средства и плаќања од тие сметки; изготвувањето, доставувањето и одобрувањето на годишни, квартални и месечни финансиски планови на расходи на буџетските корисници и доставувањето на квартални планови за намирување на ненамирени обврски; извршувањето на плаќањата за потребите на буџетските корисници; доставувањето на податоци за ненамирените обврски на буџетските корисници и најавувањето на очекувани приходи и планирани расходи.

2. Буџетските корисници отвораат и затвораат сметки во рамките на трезорската сметка во Министерството за финансии, согласно со Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/93, 3/94, 71/96, 46/00, 11/01, 93/01, 46/02, 24/03 и 85/03) и Упатството за начинот на отворање и затворање на сметки на корисниците и единките корисници на средства од Буџетот во главната книга на трезорот („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/01).

### II. Уплати и исплати на сметката на Буџетот и на сметките на буџетските корисници

3. На товар на сметката на Буџетот се врши:
- пренос (трансфер) на средства на сметките за редовно работење на буџетските корисници, кога тие имаат доставени барања за плаќања и истите се одобрени од Министерството за финансии, со цел буџетските корисници од тие средства да извршат плаќања од нивните сметки за редовно работење,
- директни плаќања кон правни и физички лица кои не се буџетски корисници (во натамошниот текст: небуџетски корисници) и
- враќање, односно сторнирање на повеќе или погрешно уплатени даночни, неданочни приходи или други приходи на Буџетот.

Во корист на сметката на Буџетот се вршат уплати по основ на:
- даночни приходи,
- неданочни приходи и други приходи на Буџетот и
- враќање на повеќе или погрешно уплатени средства.

4. Буџетските корисници на товар на сметката за редовно работење (637, 603) вршат:
- плаќања на своите обврски на сметки на небуџетски корисници и на посебните сметки на другите буџетски корисници (освен на сметките за донации и кредити),
- пренос на средства на своите посебни сметки за донации и кредити по основ на буџетско учество по одредени проекти.

Во корист на сметката за редовно работење на буџетските корисници, која на дневна основа завршува со салдо „0", се врши исклучиво пренос на средства од Буџетот.

5. Буџетските корисници на товар на сметката за приходи наплатени од органи (631) можат да вршат:
- плаќања на своите обврски по разни основи на сметки на небуџетски корисници;
- плаќање на обврските кон други буџетски корисници и тоа само на нивните посебни сметки (освен сметките за донации и кредити).

Во корист на сметката за приходи наплатени од органи се вршат:
- разни уплати од небуџетски корисници и од посебните сметки на другите буџетски корисници,
- враќање на повеќе, односно на погрешно платени средства.

6. Буџетските корисници на товар на сметката за самофинансирачки активности (787, 788) вршат плаќања по разни основи кон небуџетските корисници, како и на сите посебни сметки на другите буџетски корисници (освен на сметките за донации и кредити).

Во корист на сметката за самофинансирачки активности се вршат:
- уплати од сметки на небуџетски корисници, како и од сите сметки на другите буџетски корисници,
- враќање на повеќе, односно на погрешно платени средства.

7. Буџетските корисници на товар на сметките за донации (785) вршат плаќања по разни основи кон небуџетските корисници и на посебните сметки на други буџетски корисници (освен сметките за кредити и донации).

Во корист на сметките за донации се вршат:
- уплати на донации од сметки на небуџетски корисници,
- пренос на средства од сметките за редовно работење на истиот буџетски корисник по основ на уплата на учеството на Буџетот и
- враќање на повеќе, односно на погрешно платени средства.

8. Буџетските корисници на товар на сметките за кредити (786) вршат плаќања по разни основи кон небуџетските корисници и на посебните сметки на други буџетски корисници (освен на сметките за кредити и донации).

Во корист на сметките за кредити се вршат:
- уплати од сметките на доверителите,

- пренос од сметката за редовно работење на истиот буџетски корисник по основ на учество на Буџетот и
- враќање на повеќе, односно на погрешно платени средства.

9. По барање на буџетскиот корисник може да се дозволи и друга дополнителна комуникација помеѓу сметките, доколку истата е неопходна поради специфичноста во работењето на одредени корисници и тоа:
- кога буџетски корисник кој во својот состав има единки корисници, остварува приходи од донации, односно од проектни кредити за проект во кој учесници се и единките корисници и треба да се префрлат средства на сметките за донации, односно на сметките за кредити на единките корисници;
- кога еден буџетски корисник остварува приходи од донации, односно проектни кредити, а во проектот учествуваат и други буџетски корисници или единки корисници и на истите треба да се пренесат средства на сметките за донации, односно на сметките за проектни кредити;
- кога буџетскиот корисник, покрај редовната дејност, врши и друга дејност која се финансира од приходи од самофинансирачки активности или приходи од органи, при што истиот ги користи тие услуги за што е потребно да се изврши плаќање од редовниот буџет на сметката за самофинансирачки активности и сметката за приходи наплатени од органи и
- во случај на задршки од плати, надоместоци или други лични примања од вработените, заради надоместување на трошоци кои се финансираат од сметката за самофинансирачки активности и сметката за приходи наплатени од органи.

10. Во случај на погрешно уплатени или повеќе уплатени средства од сметките за редовно работење на буџетските корисници, враќањето на средствата се врши на сметката на Буџетот.

11. Во случај кога буџетскиот корисник погрешно го искажал видот на расходот или пак барањето за плаќање е погрешно обработено во одделението за трезорско работење, буџетскиот корисник доставува до Министерството за финансии - Сектор за трезор писмено барање за прекнижување и правилно искажување за видот на расходот, со образложение за настанатата грешка, како и фотокопија од дневниот извод за промет и состојба на сметката.

**III. Изготвување, доставување и одобрување на годишни, квартални и месечни финансиски планови на буџетските корисници**

12. Буџетските корисници во рок од 25 дена од денот на донесување на Буџетот, до Министерството за финансии доставуваат годишен финансиски план по квартали (во натамошниот текст: годишен финансиски план), за користење на средствата по сметки, по програми и по расходни ставки (во натамошниот текст: ставки), освен за ставките 401 и 402.

Корисниците на средствата од Буџетот кои имаат единки корисници до секоја единка корисник, во рок од 5 дена од денот на донесувањето на Буџетот, доставуваат извод од годишниот финансиски план по сметки, програми и ставки, во кој се содржани средствата наменети за одделните единки корисници.

Врз основа на изводот од ставот 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој годишен финансиски план, за користење на средствата по сметки, по програми и по ставки, и го доставуваат до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот годишен финансиски план го доставува до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

Годишниот финансиски план даден во Прилог 1, кој е составен дел на ова упатство, се доставува по сметки, по програми и по ставки (освен за ставките 401 и 402).

13. Годишниот финансиски план, доставен од буџетскиот корисник ги содржи следните податоци:
- година за која се однесуваат податоците,
- раздел на буџетскиот корисник,
- РКБ на буџетскиот корисник,
- тип на сметка на која се однесуваат планираните расходи,
- индивидуална партија,
- назив на буџетскиот корисник,
- број на програма,
- назив на програма,
- ставка,
- планирани износи на расходи за секој квартал во рамки на годината, распоредени по програми и ставки и
- образложение на годишниот финансиски план.

14. Износот на планирани средства за тековни потреби, за одреден квартал во рамките на годишниот финансиски план треба да биде во висина од 1/4 од годишниот Буџет, а во одредени случаи кога се јавува потреба од дополнителни средства од планираните (поради сезонски или други објективни потреби) може да се одобри и поголем износ од 1/4 за сметка на останатите квартали, за што е потребно буџетскиот корисник да достави образложение за причината заради која се бара повисок износ.

Износот на планираните средства за капитални расходи и капитални трансфери (градежни објекти, земјиште, моторни возила, мебел и друго), за одреден квартал во рамките на годишниот финансиски план заради карактерот на овој вид на расход, може да биде поголем од 1/4 од годишниот Буџет за сметка на останатите квартали.

15. Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници изготвуваат предлог на квартален финансиски план по месеци (во натамошниот текст: квартален финансиски план), за користење на средствата по сметки, по програми и по ставки (освен за ставките 401 и 402), кој го доставуваат до Министерството за финансии, најдоцна 5 дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Кварталниот финансиски план даден во Прилог 2-а, кој е составен дел на ова упатство, се доставува по сметки, по програми и по ставки.

Кварталниот финансиски план изготвен по сметки, по програми и по ставки, треба да се совпаѓа со годишниот финансиски план по сметки, по програми и по ставки за дадениот квартал.

16. Кварталниот финансиски план доставен од буџетскиот корисник ги содржи следните податоци:
- квартал за кој се однесуваат податоците,
- раздел на буџетскиот корисник,
- РКБ на буџетскиот корисник,
- тип на сметка на која се однесуваат податоците,
- индивидуална партија за сметката на која се однесуваат податоците,
- назив на буџетскиот корисник,
- број на програма,
- назив на програма,
- ставка,
- планирани износи на расходи за секој месец во рамки на кварталот, распоредени по програми и ставки и
- образложение на кварталниот финансиски план.

17. Корисниците на средства од Буџетот (прва линија), кои во својот состав имаат единки корисници на средства од Буџетот (втора линија), до Министерството за финансии најнапред доставуваат збирен квартален финансиски план, во кој се содржани планираните вредности за самото министерство и за единките корисници.

Доколку во Буџетот има посебен раздел за единките корисници, корисникот доставува збирен квартален финансиски план за сите единки корисници за дадениот раздел.

За одобрените збирни квартални финансиски планови Министерството за финансии ги известува корисниците од прва линија, а потоа корисниците од прва линија доставуваат квартални финансиски планови за единките корисници поединечно, во рамки на одобрениот збирен квартален финансиски план до Министерството за финансии.

Корисникот на средства врши распоредување по единки корисници на одобрениот збирен квартален финансиски план.

18. Министерството за финансии по одобрување на финансиските планови ги известува буџетските корисници, а корисниците кои имаат единки корисници ги известуваат своите единки корисници.

19. Во текот на годината, буџетскиот корисник може да достави барање за измена на годишниот финансиски план, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно буџетскиот корисник да достави образложение и соодветно ревидиран годишен финансиски план и квартален финансиски план.

Во текот на дадениот квартал, буџетскиот корисник може да достави барање за измена на кварталниот финансиски план по сметки, програми и ставки, во рамки на износите одобрени за дадениот квартал, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани.

20. Доколку се изврши прераспределба на средства меѓу буџетските корисници, односно прераспределба на средства меѓу ставки и програми во рамките на буџетот на буџетскиот корисник, потребно е да се достави барање за измена на годишниот финансиски план и на кварталниот финансиски план.

Во одредени случаи кога планираната динамика на расходи од Централниот буџет значително отстапува од динамиката на наплата на буџетски приходи, Министерството за финансии може да ги ревидира и одобри годишните и кварталните финансиски планови на буџетските корисници на тој начин што ќе ја следат планираната динамика на наплата на буџетски приходи.

21. Буџетските корисници изготвуваат и квартален план за намирување на обврските, кои нема да се намират заклучно со крајот на претходниот квартал.

Буџетските корисници кварталниот план за намирување на обврските го доставуваат заедно со кварталниот финансиски план до Министерството за финансии, најдоцна 5 дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот.

Кварталниот план за намирување на обврските даден во Прилог 2-б, кој е составен дел на ова упатство, се изготвува збирно за сите сметки, распореден по месеци и по ставки (освен за ставките 401 и 402).

22. Кварталниот план за намирување на обврските, доставен од буџетскиот корисник ги содржи следните податоци:

- квартал за кој се однесуваат податоците,
- раздел на буџетскиот корисник,
- РКБ на буџетскиот корисник,
- назив на буџетскиот корисник,
- планиран износ за намирување на обврските кои нема да се намират заклучно со крајот на претходниот квартал, изготвен по месеци и по ставки,
- образложение на причините заради кои не се намирени обврските во претходниот период.

23. Во текот на годината, за ставките 401 и 402, буџетските корисници изготвуваат предлог на месечен финансиски план, кој го доставуваат до Министерството за финансии, најдоцна пет дена пред почетокот на месецот за кој се однесува планот заради негово одобрување.

За доставување на месечниот финансиски план се користи образецот за квартален финансиски план (Прилог 2-а), во кој се внесуваат износи само за тековниот месец. Месечниот финансиски план за ставките 401 и 402 се изготвува поодделно за секоја сметка, по програми.

Ставките 401 и 402 се одобруваат по доставена комплетна документација за исплата на плати и надоместоци до Министерството за финансии - Сектор за буџети и фондови.

За одобрениот износ по основ на плати и надоместоци се врши дополнување на месечниот финансиски план.

## IV. Извршување на плаќања за потребите на буџетските корисници

24. Буџетските корисници доставуваат барања за плаќање до Одделението за трезорско работење кое го покрива реонот во кој се наоѓа седиштето на буџетскиот корисник.

25. Буџетските корисници ги доставуваат барањата за плаќање до одделенијата за трезорско работење, на следниве обрасци:

- Образец 60 - Барање за плаќање кон небуџетски институции,
- Образец 70 - Барање за плаќање на јавни давачки и за плаќање помеѓу буџетски корисници,
- Образец 61 - Барање за плаќање на придонеси кон фондовите,
- Образец 80 - Барање за исплата на готовина,
- Образец 83 - Барање за поврат во готови пари на физички лица и
- Образец 73 - Барање за поврат на средства на правни лица.

За плаќањата по повеќе основи во полза на еден или повеќе примачи, буџетските корисници доставуваат збирно барање за плаќање во електронска форма (дискета), заедно со три печатени спецификации за содржината на дискетата.

Пополнувањето на обрасците се врши на начин пропишан со Упатството за формата и содржината на обрасците за плаќање на корисниците и единките корисници на Буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/02).

26. Барањата за плаќање, буџетските корисници ги доставуваат до одделенијата за трезорско работење најмалку еден работен ден пред денот кога треба да се изврши плаќањето и тоа, најдоцна до 12.30 часот во тековниот ден.

27. Барањата за плаќања на буџетските корисници по основ на девизни трансакции, се доставуваат до одделенијата за трезорско работење најдоцна до 9.30 часот и по нивното одобрување од страна на Министерството за финансии - Сектор за трезор се извршуваат истиот ден.

28. Во одделенијата за трезорско работење се врши контрола на барањата за плаќање од формален аспект (дали се правилно и точно пополнети сите елементи во барањето за плаќање и сл.).

29. Барањата за плаќање, се доставуваат на хартија или во електронски облик. Доколку се доставуваат во електронски облик, задолжително се доставуваат и во печатена форма.

30. По приемот и извршената проверка на барањата за плаќање во одделенијата за трезорско работење се врши внесување на податоците од поднесените барања за плаќања во системот. Барањата за плаќање се внесуваат мануелно или со дискета. Најдоцна до 15.30 часот сите барања електронски се доставуваат на одобрување од страна на одделенијата за трезорско работење, до Министерството за финансии - Сектор за трезор.

31. Министерството за финансии - Сектор за трезор, врши проверка дали барањата за плаќање се во согласност со одобрениот годишен Буџет за буџетскиот корисник, кумулативниот финансиски план, реализацијата и расположивото салдо на посебните сметки. Одобрените плаќања се извршуваат најрано наредниот работен ден.

32. Одобрените барања за плаќање од сметките на буџетските корисници спрема сметките на небуџетски корисници Министерството за финансии - Сектор за трезор ги доставува во посебен формат по електронски пат до Народната банка на Република Македонија, заради нивно извршување.

33. По одобрувањето на плаќањата се врши нивно ажурирање во главната книга на трезорот.

34. Буџетските корисници, во одделенијата за трезорско работење на дневна основа добиваат изводи за прометот и состојбата на своите сметки заради следење на извршените плаќања и уплати на сметките.

## V. Доставување на податоци за достасани ненамирени обврски на буџетските корисници

35. Буџетските корисници преземаат обврски во висина на годишно одобрениот Буџет и периодичните финансиски планови.

36. Буџетските корисници најдоцна до 10-ти во тековниот месец доставуваат преглед на достасани ненамирени обврски, даден во Прилог 3, кој е составен дел на ова упатство, со состојба на последниот ден од претходниот месец.

Прегледот на достасани ненамирени обврски ги содржи следните податоци:

- раздел на буџетскиот корисник,
- РКБ на буџетскиот корисник,
- назив на буџетскиот корисник,
- обврски до 30 дена (освен за ставките 401 и 402),
- обврски до 60 дена (освен за ставките 401 и 402),
- обврски над 60 дена (утужени, неутужени и вкупно, освен за ставките 401 и 402),
- вкупно ненамирени обврски по достасаност (освен за ставките 401 и 402),
- ставка и
- вкупно ненамирени обврски за сите ставки.

За сите достасани ненамирени обврски над 60 дена буџетскиот корисник доставува детално писмено образложение.

37. Корисниците на средства од Буџетот кои во својот состав имаат единки корисници доставуваат збирен преглед за своите обврски и обврските на своите единки.

## VI. Најавување на очекувани приходи и планирани расходи

38. Заради планирање на ликвидноста на трезорската сметка, буџетските корисници до Министерството за финансии ги најавуваат сите очекувани приходи и планирани расходи кои кумулативно се во износ еднаков или поголем од 10.000.000,00 денари, најдоцна до последниот работен ден од тековната недела, за да бидат вклучени во проектираните приходи и расходи за наредната недела. Во најавата е потребно да се наведе типот на сметката, двоцифреното конто, износот и деновите во кои ќе се реализираат приходите и расходите.

## VII. Преодни и завршни одредби

39. Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за начинот на постапување на корисниците и единките корисници на средства од Буџетот при трезорското работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/02).

40. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13-2647/3
19 февруари 2004 година
Скопје

Министер,
**Никола Поповски,** с.р.

До
Министерство за финансии
Сектор за Трезор

**Годишен финансиски план на расходи по квартали за _______ година** Прилог 1

| раздел | | | | | ркб | | | | | тип на сметка | | | индивидуална партија | | назив на буџетски корисник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | |

| број на програма | Назив на програма | расходна ставка | Планиран износ по квартали | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | К1 | К2 | К3 | К4 | вкупно годишно |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | |

Образложение:

До
Министерство за финансии
Сектор за Трезор

**Квартален финансиски план на расходи по месеци за квартал ______ 2004 година** Прилог 2-а

| раздел | | | | | ркб | | | | | тип на сметка | | | инд. партија | | Назив на буџетски корисник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | |

| број на програма | Назив на програма | расходна ставка | Планиран износ по месеци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | М1 | М2 | М3 | вкупно квартално |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | |

Образложение:

До
Министерство за финансии
Сектор за Трезор

Прилог 2-б

**Квартален план по месеци за намирување на обврски од претходни квартали во квартал ______ 2004 година**

| раздел | | | | | ркб | | | | | назив на буџетски корисник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |

| расходна ставка | Планиран износ за намирување на обврски по месеци | | | |
|---|---|---|---|---|
| | М1 | М2 | М3 | вкупно квартално |
| 420 | | | | |
| 421 | | | | |
| 422 | | | | |
| 423 | | | | |
| 424 | | | | |
| 425 | | | | |
| 426 | | | | |
| 427 | | | | |
| 428 | | | | |
| 441 | | | | |
| 442 | | | | |
| 443 | | | | |
| 444 | | | | |
| 451 | | | | |
| 452 | | | | |
| 461 | | | | |
| 462 | | | | |
| 463 | | | | |
| 464 | | | | |
| 465 | | | | |
| 466 | | | | |
| 467 | | | | |
| 468 | | | | |
| 469 | | | | |
| 471 | | | | |
| 472 | | | | |
| 473 | | | | |
| 474 | | | | |
| 481 | | | | |
| 482 | | | | |
| 491 | | | | |
| 492 | | | | |
| **Вкупно** | | | | |

Образложение:

Прилог 3

## Преглед на достасани ненамирени обврски

| раздел | ркб | назив на буџетски корисник |
|---|---|---|
| | | |

| период | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски до 60 дена | | | Вкупно ненамирени обврски по достасаност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | вкупно | |
| јануари | | | | | | |
| февруари | | | | | | |
| март | | | | | | |
| април | | | | | | |
| мај | | | | | | |
| јуни | | | | | | |
| јули | | | | | | |
| август | | | | | | |
| септември | | | | | | |
| октомври | | | | | | |
| ноември | | | | | | |
| декември | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | |

Образложение:

| расходна ставка | Вкупно ненамирени обврски по ставки |
|---|---|
| 401 | |
| 402 | |
| 420 | |
| 421 | |
| 422 | |
| 423 | |
| 424 | |
| 425 | |
| 426 | |
| 427 | |
| 428 | |
| 441 | |
| 442 | |
| 443 | |
| 444 | |
| 451 | |
| 452 | |
| 461 | |
| 462 | |
| 463 | |
| 464 | |
| 465 | |
| 466 | |
| 467 | |
| 468 | |
| 469 | |
| 471 | |
| 472 | |
| 473 | |
| 474 | |
| 481 | |
| 482 | |
| 491 | |
| 492 | |
| **Вкупно** | |

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860, +389-2-3298-769.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2004 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.
Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.